**12.** Владата го разреши Никола Димитровски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Кратово;

12.1. Владата ја именува Радица Страхилова за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Кратово;

**13.** Владата го разреши Владимир Станивуковиќ од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Детски дом „11 Октомври" - Скопје, на негово барање;

**14.** Владата го именува Томе Спировски, досегашен вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука, за вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата;

**15.** Владата донесе Решение за формирање Совет за реформа на јавната администрација, во состав:

а) за претседател:

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија.

б) за членови:

- Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања;
- Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата задолжен за Рамковен договор и политички систем;
- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација;
- Драган Тевдовски, министер за финансии;
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика;
- Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност;
- Билен Саљији, министер за правда;

- Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа;
- Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија;
- Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство;
- Спасе Глигоров, директор на Агенција за администрација и
- претставник на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС);

**16.** Владата ја именува Билјана Поповска Талевска за член на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола-претставник од општина на чие подрачје се наоѓа Националниот парк;

**17.** Владата на Борче Христов, на кој му е утврден престанок на мандатот член на Советот за јавни набавки му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 28.11.2017 година до 28.11.2018 година;

**18.** Владата на Јетон Незири, на кој му е утврден престанок на мандатот член на Советот за јавни набавки му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 28.11.2017 година до 28.11.2018 година.

## <u>Точка 135</u>

**1.** Владата, заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви што е доставен до Собранието на Република Македонија, со писмо бр. 44-6933/1 од 9.11.2017 година.
**2.** По повод укажувањата на Билен Саљији, министер за правда, во врска со подготвените нови изменувања на Предлог-законот за извршување и Предлог-законот за нотаријатот, Владата заклучи, министерот за правда, Билен Саљији, да одржи јавна дебата, во просториите на Владата (Свечена сала), во присуство на Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Драган Тевдовски, министер за финансии, Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, на која да се повикаат и претставници од Комората на извршители на Република Македонија, Адвокатската комора на Република Македонија, Нотарската комора на Република Македонија, Стопанската комора на Република Македонија, Организацијата на потрошувачите на Република Македонија и останати други здруженија и организации, со цел заземање на единствен став по предлог-законите.

Согласно ова, Генералниот секретаријат во соработка со Министерството за правда, да ја организира оваа јавна дебата.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за периодот од 11.12.2017 до 17.12.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија;

**4.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, доставен до Собранието на Република Македонија со Писмо бр.44-7285/1 од 15.11.2017 година;

**5.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка, Предлог-законот за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, доставен до Собранието на Република Македонија со Писмо бр.44-5180/1 од 29.8.2017 година;

**6.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување на Законот за платниот промет што е доставен до Собранието на Република Македонија, со писмо бр. 44-7264/1 од 15.11.2017 година;

**7.** Владата ги задолжи сите министерства и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија редовно да ги ажурираат податоците од листата со 21 документ, кои согласно закон се обврзани да ги објават на своите веб-страници и согласно заклучокот од 34-та седница на Владата, одржана на 31.10.2017 година, Точка 1;
Во продолжение е листата од 21 документ, кои поради својата природа подлежат на променливост во евидентирањето:

1. Стратешки план на министерствата и другите органи на државната управа;
2. Буџет;
3. Усвоени извештаи за реализација на Буџетот;
4. Ревизорски извештаи;
5. План за јавни набавки, со сите измени и дополнувања;
6. Правилник за внатрешна организација;
7. Органограм за внатрешна организација;
8. Правилник за систематизација на работните места;
9. Список на лица вработени во институцијата со позиција, службен е-маил и службен телефон;
10. Консолидирани текстови од закони и подзаконски акти во надлежност на секое министерство;
11. Обрасци што ги користат граѓаните при доставување на поднесоци до министерствата за остварување на нивните права, а особено обрасци на барања од граѓаните за издавање на реални акти, за оние министерства коишто ги издаваат;
12. Тарифници за надоместоци за издавање на реални акти;
13. Листа на информации од јавен карактер;
14. Контакт од лице задолжено за информации од јавен карактер;
15. Правилник за заштитено внатрешно пријавување;
16. Контакт од лице овластено за заштитено внатрешно пријавување;
17. Име и презиме на офицерот за заштита на лични податоци, позиција во институцијата, службен е-маил и службен телефон;
18. Контакт телефон и е-маил од министерството за генерални прашања;
19. Листа на активни регистри што ги водат министерствата, во зависност од надлежноста;
20. Биографии од министерот, заменикот на министерот и државниот секретар;
21. Најава на месечни настани или онлајн календар.

Потребата произлегува од променливата структура на наведените документи, заради што е потребно редовно ажурирање, со цел на граѓаните при користење на административните услуги да им се обезбедат точни податоци.

**8.** Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи ги информираше членовите на Владата на Република Македонија за одржаните средби во Министерството за внатрешни работи со двата полициски синдиката (Македонскиот полициски синдикат и Независниот полициски синдикат) и за нивната најава за стапување во штрајк поради прекинување на процесот на усогласување, односно зголемување на платите согласно постоечките договори за зголемување на платите за 20% (четири години по 5%), што е исполнето за две

последователни години по 5 %, со цел изнајдување на решение за овој проблем бидејќи за 2017 година и 2018 година во буџетот на Министерството за внатрешни работи не се предвидени средства за оваа намена;

**<u>Точка 136</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Формирање и поддршка на земјоделски задруги“, како материјал за информирање;

**<u>Точка 137</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во однос на чистењето на дрвјата и жбуновите на потегот од 3 метри од заедничката државна граница со Република Бугарија и определување на координатите на граничните пирамиди и граничната линија од Граничната пирамида 1 до Граничната пирамида 50, како материјал за информирање, без заклучоците содржани во неа;

**<u>Точка 138</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за службените трошења на функционерите при Владата и органите во нејзин состав за првите шест месеци од нивното стапување на функција, а кои ќе бидат достапни за јавноста, заклучи истата да гласи: „Информација за службените трошоци на министрите, замениците на министрите, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија“ и го задолжи Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, да ја промени содржината на Информацијата и табеларниот приказ, согласно расправата на седницата на Владата;

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжуваат сите министри, замениците на министрите, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, до 15 јануари 2018 година до Секторот за односи со јавноста во Владата да доставaт податоци за нивните службени трошоци во првите шест месеци од преземањето на функциите. (Во прилог: Извадок од Нацрт-записникот од 42-та седница на Владата, одржана на 12.12.2017 година).

2. Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, дополнително до Владата да достави предлог за евиденција на трошоците и за останатите носители на функции.

**<u>Точка 139</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на листата на акти и материјали кои што министерствата согласно закон се обврзаа да ги објават на своите веб-страници, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и Секретаријатот за европски прашања, веднаш во целост да ја објават листата на акти и материјали, предвидени согласно заклучокот од 34-та седница на Владата, одржана на 31.10.2017 година, Точка 1;

**<u>Точка 140</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за листа на акти и материјали коишто органите во состав на министерствата, односно Владата, согласно закон се обврзани да ги објават на своите веб - страници и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација и министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, најдоцна до 10 јануари 2018 година, да одлучат кои органи во состав на министерствата, другите органи на државна управа, јавните претпријатија, агенции, фондови и други институции ќе бидат задолжени на својата веб - страница да објават листа на документи;

2. Се задолжуваат органите во состав на министерствата, другите органи на државна управа, јавните претпријатија, агенции, фондови и други институции кои ќе бидат избрани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, на својата веб-страница да ги објават следните документи:

1) Стратешки план;
2) Буџет;
3) Усвоени извештаи за реализација на Буџетот;
4) Ревизорски извештаи;
5) План за јавни набавки, со сите измени и дополнувања;
6) Правилник за внатрешна организација;
7) Органограм за внатрешна организација;
8) Правилник за систематизација на работните места;
9) Список на лица вработени во институцијата со позиција, службен е-маил и службен телефон;
10) Консолидирани текстови од закони и подзаконски акти во надлежност на секое министерство;
11) Обрасци што ги користат граѓаните при доставување на поднесоци до министерствата за остварување на нивните права, а особено обрасци на барања од граѓаните за издавање на реални акти, за оние министерства коишто ги издаваат;
12) Тарифници за надоместоци за издавање на реални акти;
13) Листа на информации од јавен карактер;
14) Контакт од лице задолжено за информации од јавен карактер;
15) Правилник за заштитено внатрешно пријавување
16) Контакт од лице овластено за заштитено внатрешно пријавување;
17) Контакт од офицер за заштита на лични податоци;
18) Контакт телефон и е-маил од министерството за генерални прашања;
19) Листа на активни регистри што ги водат министерствата, во зависност од надлежноста;
20) Биографии од министерот, заменик министерот и државниот секретар и
21) Најава на месечни настани или онлајн календар.

3. Се задолжуваат органите во состав на министерствата, другите органи на државна управа, јавните претпријатија, агенции, фондови и други институции, кои ќе бидат избрани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, на своите веб-страници да ги објават горенаведените документи најдоцна до 15 февруари 2018 година и истите се задолжуваат редовно да ги ажурираат податоците од листата со 21 документ;

**Точка 141**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 година (нов текст), во предложениот текст;

**Точка 142**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година, во предложениот текст;

**Точка 143**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година(нов текст), во предложениот текст;

**Точка 144**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Добреноец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Добреноец, Општина Кичево, во предложениот текст;

**Точка 145**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од основање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство;

2. Се задолжуваат сите надлежни државни органи, акционерските друштва и јавните претпријатија во државна сопственост до Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во рок од 10 дена да ги достават сите информации кои ги поседуваат, а кои се однесуваат на склучени договори кои содржат клаузула за арбитража, странките во спорот, вредност на инвестиција и вредност на спорот, дали е иницирана постапка пред арбитража, во која фаза се наоѓа таквата постапка, кои субјекти учествуваат, кои се правните застапници, каде се води постапката, кои се назначените арбитри, како и за други прашања од кои ќе може да се согледа севкупноста на проблемот;

**Точка 146**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување Договор за спроведување на проект помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Швајцарската Конфедерација во врска со Програмата за Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, со Нацрт-текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за спроведување на проект помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Швајцарската Конфедерација во врска со Програмата за Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој.

2. Се овластува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во декември 2017 година, да го потпише Договорот за спроведување на проект помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Швајцарската Конфедерација во врска со Програмата за Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој.

## Точка 147

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за склучување на Договор за спроведување на проект помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Швајцарската Конфедерација во врска со Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, за компоненти и активности од Програмата во надлежност на Министерството за локална самоуправа, со усогласен текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација и Владата на Република Македонија во врска со соработката во проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој I фаза на спроведување.

2. Се овластува Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација и Владата на Република Македонија во врска со соработката во проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој I фаза на спроведување.

## Точка 148

Владата го разгледа Барањето за донесување одлука за доделување финансиска помош на АД Македонски железници „Транспорт” - Скопје за подобрување на финансиската состојба и притоа заклучи:

1. Се задолжува директорот на АД Македонски железници „Транспорт” - Скопје најитно до министерот за транспорт и врски да достави прецизна информација и пресметка за тоа колку точно финансиски средства недостасуваат за да се исплати целата ноемвриска плата на вработените во АД Македонски железници „Транспорт” - Скопје.

2. Се задолжува министерот за транспорт и врски по добиената информација од страна на директорот на АД Македонски железници „Транспорт” - Скопје до Владата да достави соодветен предлог за надминување на проблемот со исплата на целата ноемвриска плата во декември на вработените во АД Македонски железници „Транспорт” - Скопје, кој предлог да се разгледа на седница на Владата што ќе се одржи на 22.12.2017 година (петок).

## Точка 149

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и ја донесе одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на одлуката со Секретаријатот за законодавство;

## Точка 150

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот и обезбедување на дополнителни финансиски средства за реализација на проектот „Градежни работи за воспоставување на ИКТ Центар за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работењето“ ИПА 2013 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги обезбеди потребните дополнителни финансиски средства во висина од најмногу 300.000 евра во случај најповолната понуда за реализација на градежните работи го надмине износот предвиден за овој Проект, согласно Финансиската спогодба за ИПА ТАИБ 2013 во рамките на својот буџет за 2018/2019 година;

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи по добиено барање/инструкција од Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, за точниот износ на дополнителните финансиски средства потребни за реализација на проектот „Градежни работи за воспоставување на ИКТ Центар за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работењето“ согласно динамиката на спроведување, истата да ја префрли на сметка на Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори;

## Точка 151

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари сопственост на Република Македонија на Министерството за внатрешни работи и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство;

## Точка 152

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година, со Програма за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рок од 15 дена да започне постапка за формирање на Советот за управување со јавни финансии, во следниот состав:

а) за претседател:
- министерот за финансии

б) за членови:
- заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања
- министерот за економија
- министерот за информатичко општество и администрација
- директорот на Царинската управа
- директорот на Управата за јавни приходи
- директорот на Бирото за јавни набавки
- директорот на Државниот завод за ревизија
- директорот на Државниот завод за статистика и
- претседателот на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата за усвојување да достави Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со

јавни финансии за 2018 година, по неговото одобрување од страна на Советот за управување со јавни финансии, а најдоцна до 28 февруари 2018 година;

3. За финансирање на активностите од Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година, за кои нема да се обезбедат финансиски средства од надворешни/донаторски извори, ќе се обезбедат средства од Буџетот на Република Македонија, во согласност со планираната динамика на реализација;

4. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Државниот завод за ревизија, Државниот завод за статистика, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Бирото за јавни набавки и Комисијата за жалби по јавни набавки, кои се вклучени во спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година, да ги планираат активностите во нивна надлежност, во стратешките планови на институциите за соодветните години, навремено да ги обезбедат потребните ресурси (материјално - технички, кадровски и финансиски) за нивна реализација и да ги планираат потребните финансиски средства во своите буџети за соодветните фискални години;

## Точка 153

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст;

## Точка 154

Владата ја разгледа Информацијата со мерки за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2018“ на Светска банка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

Започнување на бизнис

1. Се задолжува Министерството за економија во рок од една недела, да формира работна група со претставници од Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Централниот регистар на Република Македонија, Управата за јавни приходи, Агенцијата за вработување на Република Македонија, КИБС и Здружението на банкарство, а работната група до крајот на јануари 2018 година да подготви и достави до Владата информација со анализа за причините за влошување на рангот кај индикаторот Започнување на бизнис и дефинирање на предлог мерки за подобрување на состојбите во зависност од утврдените наоди и причини.

За ова, се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Управата за јавни приходи, а се препорачува на Агенцијата за вработување на Република Македонија и на Централниот регистар на Република Македонија, во рок од една недела да достават до Министерството за економија номинации на членови во работната група.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до крајот на јануари 2018 година, да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за работни односи, во насока на кратење или елиминирање на обврската за објава на оглас за вработување за новоформирани трговски друштва (ТП, ДОО и ДООЕЛ).

3. Се задолжува работната група формирана од Министерството за економија (од заклучокот број 1), во информацијата која ќе ја подготви до крајот на јануари 2018 година, да ја анализира и можноста овластените регистрациони агенти од Централниот регистар

на Република Македонија, задолжително да се регистрираат во системот на Управата за јавни приходи за да можат да пријават даночен обврзник за ДДВ цели и во системот на Агенцијата за вработување на Република Македонија за да можат да пријават вработување на работници.

4. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија да ја реализира можноста по електронски пат да ги известува ново отворените фирми за потребата за регистрација за ДДВ доколку го исполнуваат законскиот услов за регистрација или се регистрираат за целите на ДДВ на доброволна основа, како и за можноста за електронско огласување на работно место и регистрирање на вработени, до крајот на јануари 2018 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии до крајот на јануари 2018 година да стапи во контакт со Светска банка со цел организирање на видеоконференција за појаснување на мерењата и методологијата кај индикаторот „Започнување на бизнис" во термин определен од тимот на Дуинг бизнис.

6. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Централниот регистар на Република Македонија до крајот на јануари 2018 година, да оствари средба со Здружението на банки и КИБС на која ќе се разгледа можноста привремената (резервирана) сметка што се отвора при формирањето на фирма веднаш да има статус на активна сметка со нејзиното отворање.

7. Се задолжува работната група формирана од Министерството за економија (од заклучокот број 1), до крајот на март 2018 година да подготви и до Владата да достави информација за ефектите од започнување со наплата за отворање на фирма од страна на регистрационите агенти.

Добивање на градежни дозволи

8. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот „Добивање на градежни дозволи" со предлог-мерки за подобрување на состојбите, притоа во вид да ги има предлозите во оваа информација и анализата да ја достави до Владата до крајот на јануари 2018 година.

9. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви анализа на можноста за укинување на надоместокот за уредување на градежно земјиште (комуналии) за објекти со намена лесна индустрија, сервиси и стоваришта со предлог-решение за соодветни законски измени и истата да ја достави до Владата до крајот на јануари 2018 година.

Пристап до електрична енергија

10. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија-ЗЕЛС во соработка со Министерството за транспорт и врски да подготват оперативен план за забрзување на постапките за донесување на детални урбанистички планови од општините и истиот да го достават до Владата до крајот на јануари 2018 година.

11. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до сите општини во Република Македонија да достави Известување со барање за доследна и целосна примена на одредбите од Законот за градење и Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење до крај на јануари 2018 година.

Доколку се утврди дека е потребно се препорачува Министерството за транспорт и врски кон Известувањето до општините да приложи и Упатство/Објаснување за примена на одредбите од Законот за градење и Правилникот.

12. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја утврди можноста и оправданоста на барањето за измени на Законот за градење кои се однесуваат на добивање на одобрение за употреба на енергетските објекти без решени имотно-правни работи, а сопственоста на објектот да се впише по решавање на имотно-правните работи и за истото да достави Информација до Владата до крајот на јануари 2018 година.

13. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности до крајот на јануари 2018 година да преземе активности во соработка со ЕВН Македонија со цел да се идентификуваат приоритетните реони каде што треба да се направи излагање на земјиштето.

14. Се препорачува на ЕВН Македонија во соработка со Регулаторна комисија за енергетика, да подготви анализа на просечното времетраење на прекинот и просечниот број на прекини во снабдувањето со електрична енергија по корисник според SAIDI и SAIFI индикаторите и истата да ја достави до тимот на Светска банка во процесот на прибирање на податоци за подготовка на извештајот Doing Business за следната година.

Регистрирање на имот

15. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности да формира работна група со претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за правда, Агенцијата за катастар на недвижности и Градот Скопје, со цел да изврши анализа на искуствата на европските земји кои се рангирани меѓу првите 10 земји според индикаторот „Регистрирање на имот“, анализа на прашањата од Индексот на квалитет на администрацијата која управува со земјиштето, за кои Република Македонија не добива поени и ефектите од функционирањето на посебната канцеларија во Градот Скопје каде се врши подготвување на проценка и решение за данок на промет на недвижности, наследство и подарок. Согласно анализата и најдобрите практики, како и во координација со Градот Скопје потребно е да се дефинираат нови мерки за подобрување на состојбите кај овој индикатор. Работната група треба да подготви и до Владата да достави информација со Предлог-мерки за подобрување на рангот кај индикаторот „Регистрирање на имот“, до крајот на февруари 2018 година.

16. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија-ЗЕЛС да подготви и до Владата да достави информација за текот на реализацијата на воспоставувањето на електронскиот систем за размена на потребната документација за потребите на даноците на имот, до крајот на февруари 2018 година.

17. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за катастар на недвижности во насока на подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности, вклучувајќи го и механизмот за отстранување на грешки од страна на Агенцијата за катастар на недвижности и намалување на процентот на незапишани права во катастарот на недвижности, до крајот на јануари 2018 година.

18. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности да подготви и до Владата да достави информација за донесувањето на новиот акт за внатрешна организација во врска со процесите на извршување на работните обврски, конкретно за постапувањето по барања за промени во катастарот на недвижности, до крајот на март 2018 година.

Пристап до кредити

19. Се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Комората на стечајни управници, Министерството за финансии и Здружението на банкарство, која ќе подготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стечај до крајот на февруари 2018 година, каде ќе се дефинира времетраењето на периодот до кога може да бидат стопирани сите активности на доверителите за наплата на побарувањата од должникот, што Министерството за економија ќе го достави до Владата.

20. Се задолжува Министерството за финансии до крајот на февруари 2018 година да достави до Владата Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро со кој ќе се овозможи кредитното биро да обезбедува услуги за изготвување кредитен скор.

Заштита на малцинските инвеститори

21. Се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Министерството за финансии, Министерството за правда, Комисијата за хартии од вредност и експерти од соодветната област, која ќе подготви измени на Законот за трговските друштва што Министерството за економија ќе го достави до Владата до крајот на февруари 2018 година, во кој ќе се предвиди заинтересираната страна на чија иницијатива е склучена зделката, да го врати профитот остварен од штетната трансакција, како и доуредување на одредбите за обелоденување на информации за членовите на органите на управување за нивна ангажираност во органи на управување во други компании.

22. Се задолжува Министерството за финансии да формира работна група со претставници од Министерството за економија и Народната банка на Република Македонија која ќе изготви измени на Законот за ревизија, што Министерството за финансии ќе го достави до Владата до крајот на февруари 2018 година, во кој ќе се предвиди составот на комитет за ревизија кај правните лица од јавен интерес, да биде исклучиво од членови на одборот на директори (едностепен систем на управување) или од членови од надзорниот одбор (двостепен систем на управување).

23. Се задолжува Министерството за правда до крајот на декември 2018 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за парничната постапка во насока на овозможување за добивање на бараните документи/докази кои се наоѓаат кај другата странка или кај трето лице.

Плаќање даноци

24. Се задолжува Министерството за финансии-Управа за јавни приходи да формира работна група со претставници од Управата за јавни приходи и Министерството за финансии, која да подготви и до Владата да достави информација со анализа на состојбите и предлог мерки за подобрување кај индикаторот „Плаќање даноци“, до крајот на јануари 2018 година. При подготвувањето на анализата треба да се води сметка и за методологијата на Postfiling index-Индексот кој ја мери постапката за повратот на ДДВ и контролата и ревизијата на пресметките на данокот на добивка.

Услови за прекугранично тргување

25. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа да подготви анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување“ со предлог-мерки за подобрување на состојбите, имајќи го предвид искуството на подобро рангираните земји од регионот (Албанија, Бугарија и Србија), и анализата да ја достави до Владата до крајот на јануари 2018 година.

Спроведување на договори

26. Се задолжува Министерството за правда да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за парничната постапка во насока на утврдување на максимален број на одложувања или продолжувања на рочиштата во текот на судската постапка во декември 2018 година.

Решавање на несолвентност

27. Се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Комората на стечајни управници, Министерството за финансии и Здружението на банкарство, која ќе подготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, во насока на обезбедување на пристап на доверителите до информации во врска со финансиската состојба на должникот во текот на стечајната постапка, а Министерството за економија да го достави до Владата до крајот на февруари 2018 година.

**<u>Точка 155</u>**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 156</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје” - Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 157</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за постапката за доделување на Државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин” во 2017 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 158</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции, во рамки на Фондот за иновации и технолошки развој, со потреба за обезбедување на средства за основачки влог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да реализира префрлање на средствата од Владината програма Д - Економски развој, потпрограма Д9 - Поддршка на домашни гринфилд инвестиции (во рамки на Буџет на Владата на Република Македонија, раздел 04001) во износ од 50 милиони денари на посебна наменска сметка на Фондот за иновации и технолошки развој како основачки влог во Фондот за еквити и мезанин инвестиции.

2. Се задолжува Фондот за иновации и технолошки развој, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за

координација со економските ресори, пред отпочнување на постапка за избор на друштво за управување со Фондот за еквити и мезанин инвестиции и подготовка на Проспект на Фондот да достави информација до Владата за разгледување и натамошни насоки.

**<u>Точка 159</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог за арбитер во ad hoc арбитражната постапка иницирана од Гокул Дас Бинани и Маду Бинани, против Република Македонија, согласно UNCITRAL арбитражните правила, ја усвои и заклучи во ad hoc арбитражната постапка, согласно UNCITRAL арбитражните правила иницирана од Гокул Дас Бинани и Маду Бинани, против Република Македонија, поведена врз основа член 7 од Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија „Службен весник на Република Македонија“ бр. 126/08, во сила од 17 октомври 2008 година да го предложи за арбитер предложен од Република Македонија, против која се води арбитражната постапка професорот Филип Сендс, меѓународен арбитер од UCSID листата за Гвајана, член на адвокатско друштво Матрикс Велика Британија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**